**20131212911**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 138 став (2), член 140 став (4), член 142 став (7), член 144 став (4) и член 332 став (9) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12 и 87/13), министерот за здравство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ И СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за специјализациите и супспецијализациите на здравствените работници и здравствените соработници со високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.137/12) членот 32 се менува и гласи:

„Здравствените работници и здравствените соработници што ја започнале специјализацијата, односно супспецијализацијата пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, стажот ќе го спроведат и специјалистичкиот, односно супспецијалистичкиот испит ќе го полагаат според подзаконскиот акт според кој ја започнале специјализацијата, односно супспецијализацијата.

Здравствените работници и здравствените соработници што го положиле специјалистичкиот испит пред денот на влегувањето во сила на овој правилник, стажот на супспецијализацијата ќе го спроведат и супспецијалистичкиот испит ќе го полагаат според подзаконскиот акт според кој ја завршиле специјализацијата.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-6480/3
29 август 2013 година
Скопје

Министер за здравство,
**Никола Тодоров**, с.р.